# ОГЛЕДАЛО НА СОПСТВЕНАТА ДУША

**ПОМЕЃУ ЊУЈОРК И САН ФРАНЦИСКО, ПОМЕЃУ ЕВРОПА И АМЕРИКА, ПОМЕЃУ ТЕЛОТО И ПРОСТОРОТ, ПОМЕЃУ МЕДИУМОТ И ВРЕМЕТО, ПЕРФОРМАНС-УМЕТНИКОТ ИГОР ЈОСИФОВ УСПЕВА ДА ГО ПРОНАЈДЕ ВИСТИНСКИОТ ПАТ ЗА СВОИТЕ ТЕЛЕСНИ КРЕАЦИИ**

Тони Димков



Фото: Ивана Кузмановска

Убаво е чувството кога човек ќе се најде во вистинско време на вистинско место. Уште поубаво е кога ќе сретнете човек кој успеал да го препознае моментот и да ги употреби сите можности за реализација на сопствените желби. Такво чувство добивме при средбата со младиот уметник Игор Јосифов. Роден е во Кавадарци, средно уметничко училиште завршил во Скопје и веќе шест години живее и работи во Сан Франциско. „Знаев дека сакам да одам во странство и на 18 години успеав да добијам стипендија на универзитет за уметност во Сан Франциско. Почнав со студии и се се случи некако брзо. Имав добро портфолио, бидејќи баба ми и дедо ми се уметници и отсекогаш сум се занимавал со цртеж, сликарство и скулптура. Во средното училиште бев фокусиран на формирање на сопствената техника, додека на универзитетот добив можност да се фокусирам на творештвото и затоа одбирав предмети со кои ќе можам да создадам свое дело" - се сеќава Игор Јосифов на своите почетоци.

Можноста за првата самостојна изложба се појавила во текот на втората година на студиите. Изложбата се одржала во уметничката галерија Томи Турел (Toomey Tourell) во Сан Франциско. Потоа почнале да стигну- ваат покани за учество на изложби во Мајами, Чикаго, Њујорк. „За секој уметник е важно кога има музејски изложби во своето резиме, бидејќи потоа многу полесно се добиваат други изложби. Во мојата кариера имав среќа што сум бил со вистински луѓе во вистинско време на вистинско место".

Додека работел на графичкиот дизајн за фондација за заштита на човековото здравје добил можност да отпатува во Сирија, Пакистан, Индија, Непал и Тибет. Покрај тоа што направил документарен филм за патувањето го сфатил и моментот дека тоа е можност да се здобие со животно искуство кое подоцна ќе може да го употреби како инспирација за создавање перформанси.

Во текот на студискиот престој во Мајами се запознал со ликовната уметница Марина Абрамовиќ, со која подоцна почнале да им се вкрстуваат патиштата. „Уште кога се запозна-вме имаше многу силна





енергија и останавме во контакт“. Потоа добил покана за перформанс во Њујорк. „Го направив перформансот Purification Process, на кој дојде и Марина. Во публиката се појави и Јоко Оно. Перформансот траеше три дена, во кои се туширав во јавен простор, а едновремено проектирав работи од минатото кои сакав да ги заборавам. Станува збор за метафора на прочи-стување, односно направив обид да ја разрешам дилемата дали како човек си креација на тоа што ти кажуваат да бидеш или си тоа што навистина си. Тоа беше комплициран проект, бидејќи требаше да се инсталира туш во галериски простор, но тоа беше првото нешто од моето творештво што беше забележано од медиумите, а беше објавена рецензија и во ‘Њујорк тајмс’“ - открива Јосифов.

Надоврзувањето на работите продолжило со средбата со семејството Прицкер во Њујорк. „Не знаев дека се милијардери и дека доделуваат една од најзначајните награди за архитектура во светот. Прицкерови ме поканија да направам перформанс за отворањето на ‘Модерн винг’ во ‘Арт-институт’, еден од најдобрите музеи во Чикаго, и во светот воопшто. Добив идеја да го направам перформансот ‘2 dimensional’, кој подоцна го претставив и во Париз. Идејата на перформансот беше да се извади подот и да се постави стакло, а јас да лежам под стаклото. Публиката требаше да поминува над мене преку стаклото. Имаше две камери од кои едната ме снимаше мене, а другата ги снимаше реакциите на публиката. Јас немав никаква реакција, туку само ги гледав во очи, а реакциите на публиката го правеа перформансот. Кога ќе ја ставиш публиката во таква ситуација, навистина нема ограничување на тоа што ќе се добие. Тоа беше како огледало на нивната внатрешност. Се гледаше нивната несигурност, се забележуваше дали имаат љубов или омраза. Тој перформанс, со кој отидов една скала погоре, беше една од побитните точки во мојата досегашна кариера“. Следната изложба на која Јосифов ќе го претстави истиот перформанс ќе се случи во центарот за современа уметност „Мараја арт-центар“ во Дубаи.

Карактеристика на целото творештво на Јосифов е што се занимава со перформанс-уметност во која телото на уметникот е медиум за изразување на уметничкиот концепт во одредена визуелна форма. „Уште на почетокот сфатив дека концептот е првичен и најзначаен дел од творештвото. Потоа можев да го користам кој било медиум со своето симболично значење за да создадам дело. Телото како медиум може да се преведе на многу начини. Тоа значи дека секој концепт или идеја можат да станат проект. Досега направив различни мултимедијални проекти и за секој од нив почнав да правам книга во која се наведени сите специфики на делото. Користам перформанс бидејќи тоа е најдиректната форма за изразување. На тој начин тотално го убивам своето лично его и тој момент го користам како форма во дадено време, место и простор за целосно да се изолирам од себе. Кога правам перформанс каде што сум во комуникација со публиката, секој потег има своја симболика. Потоа користам различна визуелна форма за документирање, како видео и фотографија, или едноставно оставам перформансот да остане само во меморијата на гледачот, односно на публиката“.

**Само со истиснување на сопственото его, уметникот ќе се доближи до вистинската уметност**

Уметноста ја сфатил како целосна посветеност, фотографијата ја смета за современа икона и во своето творештво се обидува да ги разгатне работите кои стојат помеѓу нештата, како магнетизмот што ги поврзува луѓето. Со проектот Manumission, чиј трет сегмент треба да го реализира на бреговите на Вардар околу Камениот мост во Скопје, прави обид да ги открие нештата што стојат во честите конфликти меѓу христијанската и муслиманската религија, особено тука на Балканот. Во првиот сегмент го откри ликот на конфликтот, во вториот создаде метафора на ослободување, додека во третиот сегмент реката помеѓу треба да го избрише минатото со цел да се отвори простор за подобра иднина. Сите негови проекти се комплексни за реализација и во себе носат повеќеслојна порака. „За секој проект има толку многу работа и организација и барање документи и чекање термини, но тоа сум одлучил да го правам и среќен сум што имам можност своите идеи да ги изразам на креативен начин“ - заклучи Игор Јосифов.